СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА
*Докторски студии*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
УНИВЕРЗИТЕТ “Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”воСКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

**СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО**

# СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА

**(ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА)**

**Предлагачи:**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ **ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - Скопје**

**Скопје, 2016 година**

## СОДРЖИНА НА ЕЛАБОРАТОТ

1. Карта на високообразовната установа;
2. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа (Прилог бр.1);
3. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа (Прилог бр.2);
4. Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма;
5. Степен на образование (трет циклус);
6. Цел и оправданост за воведување на студиската програма;
7. Години и семестри на траење на студиската програма;
8. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот;
9. Начин на финансирање, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма;
10. Услови за запишување;
11. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд;
12. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма;
13. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма;
14. Предметни програми со информации согласно со правилникот од Одборот за задолжителни компоненти (Прилог бр.3);
15. Список на наставен кадар со податоци согласно со правилникот од Одборот за задолжителни компоненти (Прилог бр.4);
16. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма (Прилог бр.5);
17. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма (Прилог бр.6);
18. Информација за бројот на ментори;
19. Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма;
20. Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторски студии;
21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература;
22. Информација за веб страница;
23. Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар;
24. Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма;
25. Обезбедена меѓународна мобилност на студентите;
26. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата.

# 1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | **Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**<br>**Економски факултет – Скопје**<br>**Економски институт - Скопје** |
| Седиште | Економски факултет, Бул. Гоце Делчев 9В, Скопје<br>Економски институт, ул.Пролет бр.1, Скопје |
| Веб страна | www.eccf.ukim.edu.mk<br>www.ek-inst.ukim.edu.mk |
| Вид на високообразовната установа | Универзитет- факултет-институт |
| Податоци за основачот (на приватната високообразовната установа) | Собрание на Република Македонија |
| Податоци за последната акредитација | Економски факултет:<br>Прв циклус-2012 година<br>Втро циклус-2013 година<br>Трет циклус-2012 година<br><br>Економски институт:<br>Втор циклус – 2012, 2013, 2015<br>Трет циклус – 2012 |
| Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитацијата | Научно подрачје: 5-Општествени науки<br>Полиња:<br>502-Демографија<br>503-Економски науки<br>506-Организациски науки и управување (менаџмент)<br>513-Статистика |
| Единици во состав на високообразовната установа | Во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопјеима:26 единици, од кои 21 факултет и 5 институти |
| Студиски програми што се реализираат во единицата која бара дополнување на студиската програма | **Економски факултет**<br>Прв циклус:<br>• Маркетинг<br>• Финансиски менаџмент<br>• Сметководство и ревизија<br>• Надворешна трговија<br>• Менаџмент<br>• Економија<br>• Е-бизнис<br>Втор циклус:<br>• Сметководство и ревизија<br>• МБА - Менаџмент<br>• Монетарна економија, финансии и банкарство |

| | |
|---|---|
| | • Економски развој и меѓународни финансии<br>• Маркетинг<br>• Европски студии<br>• Управување во јавниот сектор<br>• Статистички методи за бизнис и економија<br>• Е-бизнис менаџмент<br>• Менаџмент во осигурувањето<br>• Стратегиски менаџмент на човечки ресурси<br>Трет циклус:<br>• Демографија<br>• Економски науки<br>• Организациски науки и управување<br>• Статистички методи за бизнис и економија<br>**Економски институт:**<br>**Втор циклус**<br>• Менаџерска економија<br>• Логистика на бизнисот<br>• Бизнис менаџмент<br>• Business management на англиски јазик<br>• Меѓународна економија<br>• Финансиски менаџмент<br>• Меѓународен менаџмент<br>• Претприемништво<br>• Агробизнис<br>**Трет циклус:**<br>• **Економски науки**<br>• **Организациски науки и управување (менаџмент)** |
| Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата,истражувањето и мобилноста на студентите | На Економскиот факултет во Скопје се негува меѓународнасоработка на планот на наставата, истражувањето и мобилностана студентите во рамките на CEEPUS програмата за мобилностна наставен и студенски кадари Erasmus +програмата(потпишани повеќе договори со странски универзитети,информации достапни наhttp://www.eccf.ukim.edu.mk/Article/21.<br>Економски институт:<br>Студиската програма е комплетно изработена во согласност со Болоњската декларација, ЕКТС и принципите на интегриран универзите во рамки на УКИМ и овозможува непречена мобилност на студентите конинституциитенакоисенудатсроднистудиски програми. Дополнително, УКИМ обезбедува студентска мобилност на 25 европски |

| | |
|---|---|
| | универзитети.<br>Соработка врз основа на Еразмус плус програма со Универзитетот на Болоња – Департман за Економија, бизнис и статистика и Универзитетот на Приморска, Факултет за менаџмент, Копар, Р. Словенија;<br>Членка и основач на Асоцијацијата на институти од Југоисточна Европа со која остварува меѓународна научна соработка. |
| Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност | Економски факултет:<br>Вкупна површина на објектот:14.840 м$^2$<br>4 амфитеатри со вк. површина од 810 м$^2$<br>7 предавални со вк. површина од 650 м$^2$<br>6 лаборатории со вк. површина од 444 м$^2$<br>52 кабинети за наставниот кадар со површина од 1.112 м$^2$<br>Читална од 863 м$^2$<br>Библиотеки од 131 м$^2$<br>Интернет центар: 80 м$^2$<br>Сала за состаноци: 130 м$^2$<br>Економски институт:<br>Економски институт располага со оптимален деловен простор (околу 500 м2) во рамките на овој простор Институтот располага со 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти.<br>8 кабинети и<br>1 библиотека |
| Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност | Економски факултет:<br>Столчиња во амфитеатри и предавални: 1.605<br>Клупи во амфиеатри и предавални: 425<br>Електронски табли: 4<br>Десктоп компјутери: 381<br>Лаптоп компјутери: 71<br>Ласерски црно-бели и колор печатачи: 106<br>ЛЦД проектори: 32<br>Графоскопи: 16<br>Скенери: 18<br>Фоно-аудио апарати: 35<br>Фотокопири: 5<br>Факс-телефонски апарати: 2<br>Физички серверски системи: 8<br>Wi-Fi интернет со слободен пристап<br>Развиена мрежна инфраструктура<br>Економски институт:<br>Секоја училница е опремена со проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема,компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, видео рекордер, телефонска централа.<br>Библиотечниот фонд располага со 13300 |

| | |
|---|---|
| | книги, 2133 волумени на списанија и периодика и преку 320 научноистражувачки проекти работени во Институтот.<br>Издавачка дејност на сопствени изданија меѓу кои и списанието Economic development. |
| Број на студенти за кој е добиена акредитација | Економски факултет: запишување на вкупно 900 редовни и 20 вонредни студенти во прва година, на прв циклус<br>Економски институт: запишување на вкупно 640 студенти во прва година, на втор циклус на сите 8 студиски програми |
| Број на студенти (првпат запишани) | Економски факултет: Број на студенти<br>Прв циклус - 4.452<br>Втор циклус – 548<br>Трет циклус - 16<br>Економски институт:<br>Втор циклус – 375 студенти на сите 8 насоки<br>Трет циклус – 31 студенти |
| Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | Структура на наставничкиот кадар по наставно научнизвања на Економскиот факултет во Скопје:<br>Редовни професори 33<br>Вонредни професори 3<br>Доценти 26<br><br>Структура на наставничкиот кадар по наставно научни, научнии наставни звања на Економскиотинститут во Скопје:<br>Редовни професори 7<br>Вонредни професори 6<br>Доценти 8 |
| Број на лица во соработнички звања | Економски факултет – 0<br>Економски институт – 0 |
| Однос наставник:студенти(број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно | Економски факултет:<br>Прв циклус: 4.452/62 = 72<br>Втор циклус: 548/48 = 11<br>Вкупно: 5.000/62 = 81<br>Економски институт:<br>Втор циклус: 375/21 = 18 |
| Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитет на студиите | Економскиот факултет спроведува процес на самоевалуација на ниво на студиски програми, како и самоевалуација на ниво на целиот факултет, врз основа на Законот за високо образование. Како дел од процесот на самоевалуација, во секој семестар се спроведуваат анонимни анкети на студентите за односот на наставниот кадар и квалитетот на високообразовниот процес. Квалитетот на студиите се контролира и во согласност со важечките законски и подзаконски акти, како и со актите на Универзитетот и факултетот. За |

| | |
|---|---|
| | следење на редовното реализирање на наставата, Факултетот воспостави систем за електронска евиденција на одржувањето на наставата. |
| Фреквенција на самоевалуациониот процес | Со цел да се обезбедат услови за континуирано подобрувањена квалитетот на наставата (образовниот процес) се предвидувасамоевалуација секоја трета година. |
| Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓаат обете единици, е спроведена на крајот на октомври 2014 година и почетокот на март 2015 година, од страна на Европската Асоцијација на Универзитетит (ЕУА). Извештајот од спроведената евалуација е достапен на веб-страницата http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/EUA_Izvestaj-lektoriran.pdf |
| Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност | |

## 2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

Одлуката е дадена во прилог број 1 на крајот од елаборатот.

## 3. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ

Одлуката е дадена во прилог број 2 на крајот од елаборатот.

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма од трет циклус на студии по Статистички методи за бизнис и економијаприпаѓа на **научно подрачје5 – Општествени науки, поле 5.13 - Статистика.**

Студиската програма ги покрива следниве области:

513 Статистика
51300 Теорија и методи на општествената статистика
51301 Статистика на националните сметки и стопански биланси
51302 Индустриска статистика
51303 Земјоделска статистика
51304 Економска статистика
51305 Социјална статитика
51306 Демографска статистика
51307 Друго

## 5. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

Студиската програма Статистички методи за бизнис и економија организирана од страна на Економски факултет – Скопје и Економски институт – Скопје е **од третциклус, докторски студии, или VIII ниво според Националната рамка за високообразовните квалификации, односно ниво 8 според Европската рамка за високообразовни квалификации.**

## 6. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Целите на докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија е образување на научници кои ќе можат самостојно и креативно да спроведуваат оригинални статистички и економетриски истражувања во областа на економијата и бизнисот на високо ниво и во согласност со меѓународните стандарди во тие области и кои ќе работат на развој и унапредување на примената на

најсовремените статистички и економетриски методи во науката (на универзитетите и другите високообразовни институции), но и во јавниот и приватниот сектор. Крајната цел на студиите е да се создадат и развијат самостојни истражувачки способности кои им се неопходни на учесниците на оваа докторска студиска програма за градење на идни академски кариери или кариери во јавниот или приватниот сектор.

Докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија опфаќа напредни знаења од областа на статистиката и економетријата и нивна примена во економијата и бизнисот. Овие студии се засноваат на принципите на мултидисциплинарност, можност за избор и начелата на Болоњската декларација. Структурата на студиите го одразува мултидисциплинарниот карактер на статистиката како научна дисциплина. Целта на можностите за избор е да се овозможи индивидуален и насочен научно-истражувачки развој на секој студент. Институционалниот развој на студиите во рамките на Болоњската декларација би требало да овозможи поголема мобилност на студентите и наставниците помеѓу сродните студиски програми, но и да обезбеди рамка за соработка на научно-истражувачки теми кои се од заеднички интерес.



Докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија е организирана во согласност со правилата на европскиот кредит трансфер систем и има за цел профилирање на кадри за самостојно спроведување на оргинални научни истражувања. Здобивајќи се со напредни теоретско-апликативни знаења, студентите ќе се оспособат за изработка на комплексни економски анализи и доаѓање до предлози за ефикасно решавање на економските проблеми, било на ниво на економијата како целина, било на ниво на поединечни економомски сектори и поединечни фирми. Развиените автономни истражувачки капацитети на докторантите ќе придонесат во градењето на нивната понатамошна кариера во бизнис секторот, нефинансиски и финансиски; потоа секторот на државните институции и јавни претпријатија; како и секторот на академските институции.

Содржините во рамките на студиската програма на третиот циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија се дизајнирани врз основа на следење на современите придонеси во теоретската и емпириската економска анализа. Тоа значи дека ќе се користат актуализирани изданија на учебници од автори со меѓународна репутација, како и статии и истражувачки публикации, кои ги содржат клучните теоретско - апликативни придонеси поврзани со прашања и проблеми што ги носат современите, актуелните процеси и динамички промени во денешните економии. Со тоа, студентите ќе добијат пристап до најновите научни сознанија од полето на Статистичките методи за бизнис и економија.

Структурата и содржините на предметните програми на третиот циклус на студии по Статистички методи за бизнис и економија се дизајнирани врз основа на истражување на слични студиски програми на реномирани универзитети во САД и Европската унија. Исто така, предложената студиска програма ги имплементира стандардите од концепциски и методолошки аспект кои се пропишани со Болоњската декларација. Истите се во насока на остварување на целите на обединета Европа во создавање на општество на знаење врз основа на два клучни столба - Европскиот истражувачки простор (EuropeanResearchArea – ERA) и Европскиот простор на високо образование (Europian Higher Education Area - EHEA)кои имаат посебно место во процесите на евроинтеграцијата.

Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има најдолгогодишна традиција во организирање студии од прв циклус на студии (6 децении) и втор циклус на студии (5 децении на најстариот последипломски студиум по Монетарна економија) и едно деценискоисуство во областа на Статистичките

методи за бизнис и економија во Република Македонија. Само во изминатите две децении, на Економскиот факултет во Скопје магистрирале и докторирале голем број на студенти, кои се вработени на раководни места во државни институции, јавни претпријатија, банки и други финансиски институции и во компании од бизнис секторот. При тоа, наставниот кадар на студиите од втор циклус настојуваат постојано да ги иновираат содржините на предметните програми.

Економскиот институт во Скопје е етаблиран како високообразовна институција повеќе од 15 години. Постдипломските студии по меѓународна економија, заедно со можноста за стекнување на докторат по Статистички методи за бизнис и економија, функционираат од учебната 1998/1999 година, врз основа на согласност од Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, бр. 12-977/2 и 3 од 19 март 1998 година, добиена по претходно прибавено мислење од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр.08-215 од 19 февруари 1998 година. Во периодот од 1998/1999 година до денес на Економскиот институт во Скопје се пријавени и одбранети повеќе докторски дисертации.

Студиската програма која е предложена претставува елаборат за повторна акредитација на студиумот од трет циклус по Статистички методи за бизнис и економија. Оваа програма првпат беше акредитирана во 2012 година и во досегашниот период на неа се запишаа вкупно 2 студенти.Ваквиот мал број е резултат од немањето доволен број ментори (само еден) во периодот на претходна акредитација. Но фактот дека постои интерес за запишување на овој студиум како и тоа што дел наставниците ангажирани на овој студиум ги стекнаа условите да бидат акредитирани ментори претставуваше мотив да побараме повторна акредитација, со што би им овозможиле на новите генерации заинтересирани студенти да го продолжат своето образование на третиот циклус студии од областа на Статистичките методи за бизнис и економија. Економскиот факултет и Економскиот институт соработуваат и на програмата од трет циклус по Организациски науки и управување (менаџмент) како и на програмата од трет циклус по Економски науки, со што се дополнува понудата на програми со кои студентите што ги комплетирале прviot и вториот циклус студии од овие области можат да продолжат со своето стручно усовршување.



## 7. ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма по Статистички методи за бизнис и економија се организира во траење од 3 години, односно 6 семестри.

## 8. ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Со завршување на тригодишните универзитетски, докторски студии од трет циклус, студискапрограма Статистички методи за бизнис и економија, **студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити.**

## 9. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Докторските студии се реализираат сосамофинансирање на кандидатите. Изворите за самофинансирање на кандидатите може дабидат потпомогнати со стипендии, средства на компании, како и средства кои би се обезбедиле преку други фондови и грантови на меѓународни институции.

Висината на износот, начинот на уплата, како и сите други услови се регулирани соПравилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклусна студии на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” во Скопје, како и со актите на Економскиот факултет и Економскиот институт во Скопје.

## 10. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ



Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот. Постапката за донесување и објавување на конкурсот е утврдена со закон и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС-кредити);
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00;
- познавање на еден од светските јазици. Доказ за познавање на светски јазик е сертификат од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” или меѓународен сертификат или диплома за претходно стекнато образование на соодветниот светски јазик.

За кандидатите кои не ги исполнуваат условите од четвртиот критериум, во зависност од спецификите на научната област, советот на студиската програма може да утврди дополнителни критериуми за запишување. Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

По завршувањето на конкурсот се објавува прелиминарна ранг-листа на примени кандидати на докторските студии, за секоја студиска програма, односно потпрограма одделно. За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии се објавува посебна листа.

Ранг-листата се формира според бодовите кои се пресметуваат врз основа на критериумите утврдени со Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како и со самиот конкурс. Прелиминарната ранг-листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите се утврдуваат од страна на советот на студиската програма.

Роковите за пријавување на кандидатите, за објавување на ранглистите, за одлучување по приговори и за другите елементи поврзани со постапката за запишување се утврдуваат со конкурсот.

## 11. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиите се организираат во период од 3 години според следниов режим:

- ***Прва година (Обука за истражување и едукација) – 60 ЕКТС со кои кандидатот се стекнува со генерички и специфични знаења потребни за изработка на докторската дисертација. Првата година се организира во рамки на 2 семестри.***

***- Прв семестар – 30,5 ЕКТС кредити (Табела бр. 1), и тоа:***

*8 кредити од 2 генерички предмети (од Табела бр. 2 и 2а)*

*22,5 кредити од предмети во подрачјето и потесната област на истражување (од Табела бр. 7)*

Во *првиот семестар* студентите ги полагаат двата задолжителни предмети од листата на генерички предмети чија реализација се одвива на Школата за докторски студии.

<u>Задолжителни предмети</u> се (Табела бр. 2а):

1) Научно-истражувачка етика со примена и примериво подрачјето на Економски науки– 4 кредити.
2) Методологија на научно-истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на Економски науки– 4 кредити.

<u>Изборни предмети</u>:

Во текот на првиот семестар студентот полага 3 предмети од листата предмети во подрачјето и потесната област на истражување според препорака на менторот избран од страна на кандидатот (Табела бр. 7). Секој од овие предмети носи по 7,5 ЕКТС - кредити.

***- Втор семестар – 29,5 ЕКТС кредити (Табела 7)***

Во вториот семестар кандидатот избира еден предмет од листата на предложени предмети за стекнување на генерички знаења усвоена од Школата за докторски студии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (Табела бр. 2), кој носи 4 кредити.

Во вториот семестар кандидатот избира и еден предмет од подрачјето и потесната област на истражување според препорака на менторот избран од страна на кандидатот (Табела бр. 7).

Покрај ова, во вториот семестар кандидатот треба да освои и дополнителни 18 кредити од учество на докторски семинар со презентација (2 кредити), годишна конференција со презентација на извештај (2 кредити) и самостојно истражување (14 кредити).

Вкупната оптовареност на студентот за стекнување на 7,5 ЕКТС – кредити изнесува 225 часа од кои: 70 часа се директни контакт часови настава и вежби, 100 часа се проектни и самостојни задачи, а останатите 55 часа се самостојно учење.

**Табела бр.1: Преглед на активности и ЕКТС - кредити во прва година на трет циклус студии од областа на Статистичките методи за бизнис и економија**

| **I година Активности** | **Број на кредити** |
|---|---|
| **Прв семестар** | |
| Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на економските науки (задолжителен предмет) | 4 ЕКТС кредити |
| Методологија на научно-истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на економските науки (задолжителен предмет) | 4 ЕКТС кредити |
| Изборен предмет (поле и област на истражување) | 7,5 ЕКТС кредити |
| Изборен предмет (поле и област на истражување) | 7,5 ЕКТС кредити |
| Изборен предмет (поле и област на истражување) | 7,5 ЕКТС кредити |
| **ВКУПНО:** | **30,5 ЕКТС кредити** |
| | |
| **Втор семестар** | |
| Учество на докторски семинар со презентација | 2 ЕКТС кредити |
| Изборен предмет од листата на предложени предмети за стекнување на генерички знаења усвоена од Школата за докторски студии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" | 4 ЕКТС кредити |
| Изборен предмет (поле и област на истражување) | 7,5 ЕКТС кредити |
| Самостојно истражување | 14 ЕКТС кредити |
| Годишна конференција со презентација на извештај | 2 ЕКТС кредити |
| **ВКУПНО:** | **29,5 ЕКТС кредити** |
| **ВКУПНО ПРВА ГОДИНА** | **60 ЕКТСкредити** |

**Табела бр. 2: Листа на предложени предмети за стекнување генерички знаења, усвоена од Школата за докторски студии на УКИМ**

| **Генерички предмети** | **Наставник** | **Институција** | **ЕКТС кредити** |
|---|---|---|---|
| Економетрија | Проф. д-р Весна Буцевска | Економски факултет | 4 |
| Статистичка анализа | Проф. д-р Славе Ристески<br>Проф. д-р Драган Тевдовски<br>Доц. д-р Марија Трпкова - Несторовска | Економски факултет<br>Економски факултет<br>Економски факултет | 4 |
| Операциони истражувања | Проф д-р Благородна Тодосиоска<br>Проф.д-р Сашо Арсов<br>Доц. д-р Виолета Цветкоска | Економски факултет<br>Економски факултет<br>Економски факултет | 4 |
| Избрани проблеми од микроекономијата и макроекономијата | Академик Таки Фити<br>Проф. д-р Владимир Филиповски<br>Проф. д-р Предраг Трпески | Економски факултет<br>Економски факултет<br>Економски факултет | 4 |
| Претприемништво и иновации | Академик Таки Фити<br>Проф. д-р Зоран Јаневски<br>Проф. д-р Стојан Дебарлиев | Економски факултет<br>Економски институт<br>Економски факултет | 4 |
| Други предмети од единиците на УКИМ | Од други единици на УКИМ | УКИМ | 4 |

**Табела бр.2а: Задолжителни предмети за стекнување генерички знаења:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Методологија на научно истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на економските науки | Проф. д-р Виолета Панзова<br>Проф. д-р Верица Јаневска<br>Доц. д-р Марија Ацковска | Економски институт<br>Економски институт | 4 |
| Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на економските науки | Проф. д-р Леонид Наков (Професор од друга единица на УКИМ) | Економски факултет | 4 |

- ***Втора и трета година – изработка на докторска дисертација – 120 кредити* (пријава, истражување, изрботка и одбрана)**

Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација носат вкупно 120 ЕКТС- кредити и истите треба да се реализираат во период од 2 години, односно 4 семестри.

Активностите во третиот семестар (Втора година) се состојат од подготовка на пријава за докторска дисертација и јавна презентација на тезите, методологијата, очекуваните резултати и други релевантни аспекти на истражувањето кое кандидатот планира да го спроведува. Структурата на овие активности и соодветните ЕКТС кредити се дадени во Табела бр.3.

**Табела бр.3: Структура на студиите во втората и третата година од докторските студии**

| **II ГОДИНА** | | **ЕКТС кредити** |
|---|---|---|
| **Трет семестар** | | |
| | Подготвување и поднесување на пријава за тема на докторска дисертација и самостојно истражување | 28 |
| | Докторски семинар со презентација на извештај | 2 |
| **Четврт семестар** | | |
| | Работилница за истражувачка практика | 3 |
| | Годишна конференција со презентација | 2 |
| | Самостојно истражување и објавување резултати | 25 |
| **ВКУПНО II ГОДИНА** | | **60** |
| | | |
| **III ГОДИНА** | | |
| Петти семестар | | |
| | Докторски семинар со презентација на извештај | 2 |
| | Самостојно истражување и објавување резултати | 28 |
| Шести семестар | | |
| | Работилница за истражувачка практика | 3 |
| | Самостојно истражување и пишување на дисертацијата | 25 |
| | Годишна конференција со презентација | 2 |
| **ВКУПНО III ГОДИНА** | | **60** |
| | | |
| **ВКУПНО КРЕДИТИ II И III ГОДИНА** | | **120** |

**Табела бр.4: Вкупно кредити на тригодишна студиска програма**

| **Семестри** | **Број на кредити** |
|---|---|
| I и II | 30,5+29,5 |
| III и IV | 60 |
| V и VI | 60 |
| Вкупно | 180 |

**Табела бр.5: Сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети**

| **Студиска програма** | **Траење на студиите (години/ ECTS)** | **Вкупен број предметни програми (испити)** | **Задолжи-телни предмети (макс. = 60%)** | **Изборни предмети од полето и областа на едукација (30%)** | **Изборни предмети од листата на УКИМ (10%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статистички методи за бизнис и економија** | 3/180 | 7 | 2 | 4 | 1 |
| Во проценти | | 100% | 28,6% | 57,1% | 14,3% |



**Услови и динамика на студирање**

За да поднесе пријава за изработка на докторска дисертација кандидатот треба има ги има остварено еден од следниве два предуслови:

1. Да има обезбедено минимум 42 ЕКТС - кредити од избраните предмети во првата година од докторските студии и најмалку 4 ЕКТС - кредити од учества остварени на докторски семинари, конференции, или да има соодветна практична активност преку работилници, проекти и сл. или
2. Ако студентот има претходно стекнати и признаено 60 кредити од завршени постдипломски студии од студиските програми пред воведување на европскиот кредит-трансфер систем или има стекната стручна подготовка според студиски програми со кои има остварено вкупно 300 ЕКТС кредити.

Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација носат вкупно 120 ЕКТС - кредити и истите треба да се реализираат во период од 2 години, односно 4 семестри.

### 11.1. Компетенции со кои се стекнуваат студентите на трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија

**А) Општи дескриптори за квалификации за трет циклус студии со 180 ЕКТС од областа на Статистичките методи за бизнис и економија**

а)Знаење и разбирање

Со завршувањето на студиите на трет циклус од областа на Статистичките методи за бизнис и економија, студентите треба да стекнат високо ниво на знаење и совршено разбирање на статистичките методи и економетриските модели и со

специфични вештини за примена на ова знаење во анализа на микро и макроекономските појави, процеси и законитости, како и во бизнис процесите. Овие знаења претставуваат резултат на нивниот целокупен процес на високо образование и се надополнети со способности за концептуализација, компарација, анализа, критика и практична примена.

Стекнатите знаења се засновани на користење современа литература, научни статии и тековни информации и го оспособуваат кандидатот и самостојно да истражува, согласно современите научни стандарди.

б) Примена на знаењето и разбирањето

Стекнатите знаења се засновани на користење современа литература, научни статии и тековни информации и го оспособуваат кандидатот да идентификува конкретни проблеми, да концептуализира рамка за нивна анализа и решавање, аргументирано да полемизира и да нуди решенија. Покрај компетенциите за решавање на проблемите на професионално поле, кандидатот е оспособен да спроведе и истражувања на проблеми на поширок план, со што може да понуди и научен придонес преку објавување на резултатите на своите истражувања во меѓународни публикации.

в) Способност за проценка

Кандидатот е способен да прибира податоци, да користи современи бази на податоци и литература, како и да идентификува законитости и каузалности во економските појави и процеси. Тој умее да прави соодветни проценки, врз основа на личните, општествените, научните и други аспекти.

Оспособен е да оформува мислење, да критикува, полемизира и аргументира. Покажува способност да иницира проекти и истражувања, да ги води истражувањата и да ги сумира и презентира нивните резултати во формат соодветен на највисоките стандарди на научната мисла.

г) Комуникациски вештини

Способност за формулирање на резултатите од истражувањата на концизен, јасен и уверлив начин, почитувајќи ги стандардите на научно-истражувачката етика. Способност за орални презентации, користење современи аудио и визуелни изразни средства и техники и управување со времето на презентациите. Кандидатот умее да воспоставува контакти со поврзани субјекти, да ги елаборира своите потреби од информации, да комуницира по писмен пат и да ги почитува процедурите на прибирање, чување и употреба на информациите со кои располага.

Оспособен е да дискутира со стручната и останатата јавност, професионално и темелно да ги брани своите ставови и да ги образложува своите аргументи. Резултатите од научните истражувања ги елаборира и публикува согласно современите научни стандарди. Способност за држење предавања на одредена тема.

д) Вештини на учење

Поседува способност за брзо разбирање на наставна и научна материја од соодветната област публикувана на висок стил. Умее да користи техники на апстракција, анализа и дедукција во совладувањето на одредена материја. Покажува иницијатива за натамошно интелектуално надградување.

**Б) Специфични дескриптори на квалификацијата со која се одредуваат резултатите од учењето за трет циклус студии со 180 кредити, студиска програма Статистички методи за бизнис и економија, согласно Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации.**

а) Знаење и разбирање

Покажува продлабочени знаења и разбирање во научно-истражувачките полиња и области опфатени со програмата на третиот циклус студии, како што се:

- Познавање на економската теорија релевантна за конструкција и решавање на макроекономските модели;
- Примена на квантитативните техники потребни за градба, оценки и тестирање на доверливоста на параметрите изведени од динамичките модели;
- Способност за критична оценка за употребливоста, ограниченостите, потенцијалните слаби точки и сензитивноста на моделот на екстерни или ендогени шокови (промени во параметрите);
- Креирање на економетриски модели и анализа на релациите помеѓу променливите;
- Анализа на временски серии и проектирање на нивното движење во иднина;
- Предвидување на движењата на економските временски серии;
- Примена на статистичките методи во контролата и континуираното унапредување на квалитетот на процесите во производниот и услужниот сектор;
- Способност за избор на најсоодветните статистички, економетриски и други квантитативни методи при решавање на сложени проблеми од економијата и бизнисот;
- Спроведување на анализа заснована на примена на повеќе методи и модели, толкување на резултатите од анализата и предлагање на економски и деловни одлуки;
- Унапредување на знаењето и зајакнување на аналитичките способности и обучувањето за користење на адекватни софтверски пакети со цел да бидат поефикасни во решавањето на квантитативните проблеми во економијата и бизнисот.

б) Примена на знаењето и разбирањето

Кандидатот е компетентен да идентификува, анализира и решава проблеми во бизнисот и јавниот сектор, поврзани со знаењата стекнати во предметните научни области проучувани на третиот циклус на студии. Преку примена на квантитативните методи, умее да врши анализа на понудените решенија и да примени критериуми за оптимализација, за избор на најдобро решение.

Способен е за тимска работа и интегрирање на знаењата на членовите на тимот во процесот на одлучување. Поседува квалитети на продлабочено разгледување на задачите кои се предмет на разгледување покажувајќи елементи на инвентивност, и може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.

в) Способност за проценка

Оспособен е за проценка на тежината на проблемот, комплексноста на ситуацијата, применливоста на можните решенија, адекватноста на понудениот одговор на ситуацијата и избор на оптималното решение. При донесувањето на одлуките ги зема предвид теоретските сознанија и практичните аспекти, економските и неекономските фактори, како и пошироките импликации на проектите и промените.

Ги користи современите методологии и техники за оценување на каузалната врска помеѓу законитостите и појавите и дава аргументирани објаснувања за релациите помеѓу нив, како и за дизајнот на економските политики во правец на решавање на постоечките проблеми и изнаоѓање решенија.

г) Комуникациски вештини

Умее да подготвува излагања и презентации, користејќи се со современи нагледни средства. Способност да елаборира за одреден проблем, да дискутира со аргументи, да брани одредени ставови и да препознае квалификувана аргументација кај други дискутанти. Способност за подготовка на извештаи за анализираните проблеми.

Оспособен е за професионална комуникација со експерти од соодветната област и учество во научно-истражувачки проекти

д) Вештини на учење

Свесност за потребата од континуирано идентификување на потребите за стекнување нови знаења. Демонстрира способност за вклучување во активно учење, способност да се служи со научно-истражувачки методи и да користи релевантна литература во своите анализи.

Способен е да анализира конкретни студии на случај и да анализира научни трудови од соодвтената област.

## 12. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економијаќе се реализира во просторот со кој располагаат организаторите на програмата – Економскиот факултет – Скопје и Економски институт – Скопје. Поконкретно, станува збор за следниов простор кој стои на располагање:

Економски факултет:

- Вкупна површина на објектот:14.840 м$^2$
- 4 амфитеатри со вк. површина од 810 м$^2$
- 7 предавални со вк. површина од 650 м$^2$
- 6 лаборатории со вк. површина од 444 м$^2$
- 52 кабинети за наставниот кадар со површина од 1.112 м$^2$
- Читална од 863 м$^2$
- Библиотеки од 131 м$^2$
- Интернет центар: 80 м$^2$
- Сала за состаноци: 130 м$^2$

Економски институт:

- Површина на просторот: околу 500 $м^2$
- 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти
- 8 кабинети
- Библиотека.

## 13. ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Целокупната опрема со која се реализира наставата на останатите студиуми кај организаторите на програмата ќе биде на располагање за програмата од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија. Поконкретно, станува збор за следнава опрема:

Економски факултет:

- Столчиња во амфитеатри и предавални: 1.605
- Клупи во амфиеатри и предавални: 425
- Електронски табли: 4
- Десктоп компјутери: 381
- Лаптоп компјутери: 51
- Ласерски црно-бели и колор печатачи: 106
- ЛЦД проектори: 32
- Графоскопи: 16
- Скенери: 18
- Фоно-аудио апарати: 35
- Фотокопири: 5
- Факс-телефонски апарати: 2
- Физички серверски системи: 8
- Wi-Fi интернет со слободен пристап
- Развиена мрежна инфраструктура

Економски институт:

Секоја училница е опремена со проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема,компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, видео рекордер, телефонска централа.

Библиотечниот фонд располага со 13300 книги, 2133 волумени на списанија и периодика и преку 320 научноистражувачки проекти работени во Институтот.

# 14. ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ

**Табела 7: Листа на изборни предмети на студиска програма од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија**

| Код ECO | Име на предмет | Наставник | Институција |
|---|---|---|---|
| 1. | Математичка статистика | Проф. д-р Драге Јанев | Економски факултет - Скопје |
| 2. | Напредна економетрија | Проф. д-р Весна Буцевска | Економски факултет - Скопје |
| 3. | Статистички методи во 4 на квалитет | Проф. д-р Весна Буцевска | Економски факултет - Скопје |
| 4. | Анализа на временски серии | Проф. д-р Славе Ристески | Економски факултет - Скопје |
| 5. | Мултиваријациона анализа | доц. д-р Драган Тевдовски | Економски факултет - Скопје |
| 6. | Економска статистика | Проф. д-р Билјана Секуловска-Габер | Економски факултет - Скопје |

Деталните предметни програми се дадени во Прилог 3А за генеричките предмети и прилог 3Б за изборните предмети.

-

# 15. СПИСОК НА НАСТАВЕН КАДАР СО ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО СО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ

**Табела 8: Список на наставниот кадар ангажиран на студиската програма од трет циклус по Статистички методи за бизнис и економија**

| Ред.бр | Наставник | Институција |
|---|---|---|
| 1. | Проф.д-р Славе Ристески | Економски факултет – Скопје |
| 2. | Проф. д-р Драге Јанев | Економски факултет – Скопје |
| 3. | Проф.д-р Весна Буцевска | Економски факултет – Скопје |
| 4. | Проф. д-р Билјана Секуловска-Габер | Економски факултет – Скопје |
| 5. | Академик Таки Фити | Економски факултет – Скопје |
| 6. | Проф.д-р Владимир Филиповски | Економски факултет – Скопје |
| 7. | Проф. д-р Сашо Арсов | Економски факултет – Скопје |
| 8. | Проф. д-р Благородна Тодосиоска | Економски факултет – Скопје |
| 9. | Проф. д-р Леонид Наков | Економски факултет – Скопје |
| 10. | Вон. проф.д-р Драган Тевдовски | Економски факултет – Скопје |
| 11. | Вон. проф. д-р Стојан Дебарлиев | Економски факултет – Скопје |
| 12. | Проф.д-р Верица Јанеска | Економски институт - Скопје |
| 13. | Проф. д-р Зоран Јаневски | Економски институт - Скопје |
| 14. | Доц.д-р Марија Ацковска | Економски институт - Скопје |
| 15. | Доц. д-р Марија Трпкова-Несторовска | Економски факултет – Скопје |
| 16. | Доц. д-р Виолета Цветкоска | Економски факултет – Скопје |
| 17. | Проф. Д-р Предраг Трпески | Економски факултет – Скопје |

**Деталните податоци за наставниот кадар се содржани во Прилог бр. 4.**

## 16. ИЗЈАВА ОД НАСТАВНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НАСТАВА ПО ОДРЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Прилог бр. 5.

## 17. СОГЛАСНОСТ ОД ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ЗА УЧЕСТВО НА НАСТАВНИКОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Прилог бр. 6.

## 18. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА МЕНТОРИ

Во моментот на поднесување на овој елаборат, акредитирани ментори од институциите што учествуваат во програмата од трет циклус по економски науки се:

1. Проф. д-р Таки Фити, решение од Одборот за акредитација бр. 12-132/3 од 21.11.2014 година.
2. Проф. д-р Леонид Наков, решение од Одборот за акредитација бр. 12-132/4 од 21.11.2014 година.

Покрај горенаведените, во постапка на акредитација се и одреден број други професори, со што бројот на расположливи ментори може да се зголеми.

## 19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВАТА ГОДИНА НА СТУДИСКАТАПРОГРАМА

Според проценките за просторните можности, опременоста и кадровскиот потенцијал на студиската програма на трет циклус студии од областа на Статистичките методи за бизнис и економија се очекува да се запишат 5 студенти.

Предлагачот на студиската програма, во согласност со општествените ӣпотреби, актуелнитересурси, расположивите ментори и интересот на кандидатите, на докторските студии ќезапишува одреден број на студенти, кој секоја година се определува со посебна одлука наСоветот на студиската програма на Факултетот, потврдена од страна на Универзитетот иобјавена во Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии наУниверзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

## 20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИ ВО ПОЛЕТО ОДНОСНО ОБЛАСТА ОДНАУЧНОИСТРАЖУВАЧКОТО ПОДРАЧЈЕ НЕОПХОДНИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Наставниците наведени во точка 15 од овој предлог-проект се избрани и изведуваатактивности во поголем број на научно-истражувачки области. Информација во која област сеизбрани наставниците кои учествуваат во ова студиска програма е дадена во Прилогот бр. 4 засекој наставник одделно.

## 21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА

Предвидената задолжителна и дополнителна литература е обезбедена од страна на предметните наставници, а дел се наоѓа во библиотеката на Економскиот факултет во Скопје. Како задолжителна литература ќе се користи и стручнаталитература преведена и дистрибуирана од страна на Владата на Република Македонија запредметните програми каде истата постои.



## 22. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВЕБ СТРАНИЦА

Сите информации за студиските програми на Економски факултет – Скопје и Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје се достапни наинтернет страниците на Економскот факултет - Скопје: www.eccf.ukim.edu.mk и на Економски институт: www.ek-inst.ukim.edu.mk.

## 23. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ СО КОИ СЕ ОПФАТЕНИ НАЈМАЛКУ 20% ОД НАСТАВНИОТ КАДАР

## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

| |
|---|
| **АРСОВ, д-р Сашо** |
| 1. Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018) |
| **БУЦЕВСКА, д-р Весна** |
| 1. 2014-2018 Истражувач во меѓународниот проект “Statistical Modelling for Response to Crisis and Economic Growth in Western Balkan Countries“ (STRENGTHS) supported by Croatian Science Foundation. |
| 2. Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018) |
| 3. 2009-2015 Консултант на меѓународниот проект “Conditional Cash Transfers Project in the Former Yugoslav Republic of Macedonia: Data Collection for Baseline Surveys for the Impact Evaluation of the Introduction |

| |
|---|
| of a Cash Transfer Conditional Cash Transfer Evaluation Project" financed by the World Bank. |
| **ДЕБАРЛИЕВ, д-р Стојан** |
| 1. Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија" (2013-2018) |
| 2. Корпоративното управување во трговските друштва во Rепублика Македонија" dobien na konkurs за финансирање на научно истражувачки проекти за 2012 година од Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
